# МИНИСТЕРСТВО ЗА УРБАНИЗАМ, ГРАДЕЖНИШТВО И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Врз основа на член 38 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр. 4/96 и 8/96), Министерот за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ВИСИНА НА ТРОШОЦИТЕ НАПРАВЕНИ ЗА РАБОТИТЕ КОИ НЕ СЕ ВРЗАНИ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА УПРАВНИ АКТИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на трошоците направени за работите за кои Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина не издава управни акти во вршењето на работите од негова надлежност.

## Член 2

Висината на трошоците направени за работите, по барање на странка, за кои не се издаваат управни акти, изнесува:
- 1.500,00 денари за увид на лице место и констатирање на состојби при изградба и по изградбата на објект со соседните објекти (растојание помеѓу објектите, степен на осончување, диспозиција на прозорски отвори и влезни врати, растојание меѓу најистакнатите делови на соседните објекти и слично), во населено место каде е седиштето на Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина односно на подрачните единици на министерството;
- 2.500,00 денари за дејствија од алинеја 1 на овој член, што се изведуваат надвор од населеното место каде се наоѓа седиштето на Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина односно на подрачните единици на министерството;
- 3.000,00 денари за работа на комисијата за испит за добивање лиценца за носител на изработувањето на просторни и урбанистички планови;
- 1.000,00 денари за работите на издавање преписи од решенија, потврди, протоколи и други документи, заверка на проекти.

## Член 3

Подносителот на барањето, со поднесувањето на барањето уплаќа средства на име трошоци на сметка на Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, во износ согласно член 2 на овој правилник, а средствата ќе се користат за изработка на урбанистички планови, за работа на комисијата за испит и за материјални трошоци на министерството.

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-1701/2

20 септември 1996година

Скопје

Министер,

дипл.инж.арх. **Јорго Шундовски** , с.р